Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневните настани 05.12.2024

Денеска (05.12.2024) во 01.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, по претходно добиени оперативни информации и координација на СВР Куманово со Одделот за криминалистичка полиција при Бирото за јавна безбедност и СВР Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.А.(35) од Куманово. Тој се сомничи дека на 02.12.2024 во Куманово опожарил три патнички моторни возила и еден деловен објект. Ф.А. бил приведен и задржан во Полициска станица Куманово и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 04.12.2024, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во домот на М.С.(19) од Скопје, на подрачјето на Гази Баба. При претресот е пронајдена и одземена марихуана. М.С. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 04.12.2024, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во домот на А.Т.(39) од Скопје, на подрачјето на Гази Баба. При претресот е пронајден и одземен хероин. А.Т. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 05.12.2024 во 00.10 часот во угостителски објект во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода сопственикот на објектот Б.З.(20), вработениот А.С.(20) и Р.Д.(20), тројцата од Гостивар. При претрес во објектот, извршен со судска наредба, кај тројцата биле пронајдени и одземени марихуана и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Тие се задржани во полициска станица за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 04.12.2024 во 00.40 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(23) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 23.50 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Е.(31) од с.Крушопек, општина Сарај, затоа што во негова близина биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и ризли. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.М.(43) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 13.30 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(42) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 17.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги привеле А.С.(21), И.Н.(21), двајцата од с.Иловица, струмичко и М.М.(21) од с.Босилово, струмичко, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 22.20 часот на улица „ЈНА" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода О.М.(24) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 10.50 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода М.Ѓ.(30) од Велес затоа што кај него биле пронајдени и одземени зелена растителна материја и бела грутчеста материја. М.Ѓ. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.12.2024 во 17.25 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионалниот пат во с.Баница, струмичко, патничко возило „фолксваген пасат" со струмички регистарски ознаки, управувано од В.С.(38) од с.Баница, струмичко, удрило во четири малолетни лица од с.Баница, кои во моментот туркале патничко возило „фолксваген пасат" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.М.(46) од с.Баница, а потоа удрило во бетонски ѕид. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле две малолетнички, а со телесни повреди се здобил возачот В.С., констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 04.12.2024 во 07.58 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека на магистралниот пат Ресен–Битола, кај место викано ,,Сопотски ливади", патничко возило „опел корса" со ресенски регистарски ознаки, управувано од А.К.(28) од Ресен удрило во метална заштитна ограда. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.К., констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Ресен.

На 04.12.2024 во 21.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Александар Македонски" во Прилеп, патничко возило „форд" со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.С.(29) од Прилеп излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.С., додека со телесни повреди се здобил нејзиниот сопатник П.Ш.(24) од Прилеп, констатирани во Општата болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 04.12.2024 во 10.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Александар Урдаревски" и сервисна улица кон с.Кучевиште, скопско, патничко возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.Т.(24) од Тетово, удрило во велосипед, управуван од Н.П.(68) од с.Кучевиште, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". За настанот бил известен јавен обвинител. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.12.2024 околу 21.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат с.Јажинце – Тетово, во с.Доброште, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.А.(23) од с.Глоѓи, тетовско и патничко возило „форд ка" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ш.И.(21) од с.Слатино, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ш.И., додека со телесни повреди се здобиле Ф.А. и сопатникот во нејзиното возило М.А.(53), констатирани во Клиничка болница во Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

По преземени мерки и активности, на 04.12.2024 полициски службеници од ОВР Неготино го пронашле Д.С.(55) од с.Пепелиште, неготинско. Со него бил извршен службен разговор во полициска станица поради сомнение дека на 03.12.2024 околу 17.30 часот на регионалниот пат село Пепелиште - Неготино, на место викано „Лака", со товарно возило „цитроен џампер" со неготински регистарски ознаки, кое го управувал, удрил во 75 - годишната А.А. од село Пепелиште и го напуштил местото. Од здобиените повреди А.А. починала, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Увид на местото на несреќата извршил јавен обвинител во содејство со увидна еки од ОВР Неготино.

На 04.12.2024 во 10.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Г.(22) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.12.2024 во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Т.М.(19) од Скопје пријавила дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје била касната од куче скитник.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција Скопје, поднесе кривична пријава против Д.М. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување", казниво по член по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот, полициски службеник, извршувајќи работни задачи како документарист, со пречекорување на службеното овластување, во септември 2023 година изготвил службен акт со невистинита содржина, злоупотребувајќи го потписот на раководителот на Полициската станица Тетово. Имено, полицискиот службеник делото го извршил на тој начин што ги злоупотребил процедурите за примање барања, постапување и достава на службени акти и до адвокат доставил акт за достапност за лице со невистинита содржина, односно на усно барање на адвокатот, без процедурално административно - деловодничко евидентирање на писмено барање, изготвил и издал на рака акт со невистинита содржина, т.е. во актот било наведено дека лице кое е засегнато во судски процес било преселено на непозната адреса, со што не бил достапен на органите за прогон, без притоа да се извршат проверки за достапност на терен. По изготвувањето на актот, полицискиот службеник го злоупотребил потписот на раководителот со цел да го озваничи, вметнал несоодветен деловоднички број и како таков актот го предал на рака, спротивно на утврдените процедури. По ова предметниот акт бил злоупотребен во судска постапка при Основен суд Тетово каде бил евидентиран како доказ што резултирало со штетен исход од судскиот процес против лицето.

На 04.12.2024 во 01.40 часот на брегот на Охридското езеро во близина на охридското село Пештани, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор „Охридско езеро" од слобода ги лишија Н.Т.(67), Ѓ.Т.(64) и С.В.(77), сите од охридското село Трпејца. При преглед во чамецот од кој излегувале на брегот на Охридското езеро, биле пронајдени и одземени три рибарски мрежи со должина од по 50 метри, 145 парчиња риба белвица и грунец со вкупна тежина од над 10 килограми, како и риболовен алат. Увид на местото извршил инспектор од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија при Регионалниот центар за гранични работи Запад и по консултации со јавен обвинител и по целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.12.2024 во 21.30 часот, при контрола во интернет кафе во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга, во помошна просторија пронашле три пакувања со марихуана. Извршен бил увид и по целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.Б.(58) од кичевското село Зајас поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 14.11.2024 на булеварот „Ослободување" во Кичево, полициски службеници извршиле контрола во возило „фолксваген пасат", при што констатирале дека врши превоз на патници без да поседува лиценца за вршење на општински превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај, издадена од надлежен државен орган.

Денеска (05.12.2024) во 01.05 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистрален пат А4, делница од село Ново Село кон село Секирник, струмичко, патничко возило „бмв" со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.Ч.(37) од с.Зубово, струмичко, излетало од патот и се превртело. Од здобиените повреди возачот починал на местото на настанот, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Увид на местото извршиле јавен обвинител и екипа на СВР Струмица, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 04.12.2024 во 21.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна единица при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(43) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом на подрачјето на Кисела Вода, физички ја нападнал неговата поранешна 42-годишна сопруга, на која и упатувал и закани и го прекршил решението за привремени мерки за заштита. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 17.45 часот во СВР Скопје, Т.Ќ.(23) од Скопје пријавил дека на паркинг простор на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од В.С.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.12.2024 во 13.40 часот во СВР Скопје, А.Т.(48) од Скопје пријавила дека на 30.11.2024 околу 17.00 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно нарушени семејни односи, била физички нападната од нејзиниот чичко Ч.П.(73) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во СВР Скопје било пријавено дека на место викано „Ѓеран" во Инџиково настанал пожар во напуштена викенд куќа, сопственост на А.П.(62) од Скопје. Повредени лица нема, а екипа од Бригадата за противпожарна заштита го изгаснала пожарот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, Ф.Д.(32) од село Пакошево, општина Зелениково, пријавил дека на 03.12.2024 околу 12.30 часот, по завршување на часовите, во близина на основното училиште во с.Зелениково, скопско, во кое учел, неговиот осумгодишен син се здобил со тешка телесна повреда при игра со соучениците. Повредата е констатирана во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

Денеска (05.12.2024) во 09.50 часот во СВР Скопје, З.А.(35) од Тетово пријавила дека околу 08.20 часот на подрачјето на општина Аеродром, едно лице со употреба на сила ѝ ја одзело чантата со паричник и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.12.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, Т.Љ.(39) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот во автобус на подрачјето на Чаир, едно лице од неговата ќерка одзело мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.12.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, К.М.(40) од Скопје пријавила дека околу 16.55 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила ѝ одзело ранец со паричник и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.12.2024 во 13.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ф. Ј.(34) од Скопје пријавила дека на 04.12.2024 во 00.00 часот ја пронашла својата штитеничка А.М.(14) од Скопје, за која на 15.11.2024 пријавила дека се оддалечила од домот.

На 04.12.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, М.М.(37) од Скопје пријавила дека од семејниот дом се оддалечила нејзината ќерка А.В.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.12.2024 во 17.30 часот во СВР Велес, Н.Р.(50) од Велес пријавил дека на улица „Ангел Мишев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 04.12.2024 во 16.40 часот во СВР Велес, Т.А.(73) од Велес пријавил дека на улица „Максим Горки" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 04.12.2024 во 08.25 часот во СВР Битола, М.Н.(46) од с. Долни Дисан, општина Неготино, пријавил дека на ул.„8 Септември" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 04.12.2024 во 22.30 часот во СВР Битола, Ј.Т.(35) од Битола пријавил дека во близина на градскиот стадион ,,Петар Милошевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Р.(56) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас". На 13.11.2023, по претходна пријава од екипа на ЕВН Македонија, полициски службеници од СВР Тетово извршиле увид и било констатирано дека пријавениот неовластено се приклучил од главната дистрибутивна линија со електричен кабел, без да биде поставена мерна опрема за потрошена електрична енергија.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против О.Р.(35) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 12.04.2024, полициски службеници од Казнено - поправната установа Затвор Куманово извршиле преглед над пријавениот - осуденик во установата, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Х.И.(23) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 19.04.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф", управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против М.Л.(33) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 11.09.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против К.В.(23), Б.Б.(32), К.Г.(19) и 15 – годишник, сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа". На 29.11.2024 во Прилеп, пријавените искинале и со патничко возило прегазиле знаме.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Н.А.(34) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во периодот од 26.10. до 28.10.2024, пријавениот пронашол дебитна картичка на лице од Кочани, по што реализирал пет трансакции и се стекнал со противправна имотна корист од 6.819 денари. .

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од тетовско село и М.М.(26) - управител на правниот субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца" и против Р.Ф.(68) од тетовско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање" во врска со „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.12.2023 на регионален пат во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", сопственост на правното лице, а управувано од третопријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.Б.(58) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 14.11.2024 на бул.„Ослободување" во Кичево, полициски службеници извршиле контрола на такси возило, управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Л.А.(52) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во периодот од 25.08. до 10.10.2024, пријавената изградила објект без да поседува техничка документација и одобрение за градење издадено од надлежен орган.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет